## 1.3. Останати макроекономски движења

***Во јуни 2003 година просечната нето плата по работник беше номинално повисока за 0,5%, а реално за 1,4% на месечна основа***

Во јуни 2003 година[1], просечната исплатена нето плата по работник изнесуваше 11.860 денари и во однос на претходниот месец беше номинално повисока за 0,5%, а реално за 1,4%. Реалниот пораст на платите е повисок од номиналниот поради регистрираната стапка на дефлација во јуни од 0,9%. Во првото полугодие од 2003 година во однос на истиот период од 2002 година, просечната нето плата беше номинално повисока за 6,7%, а реално за 6,4%. Притоа, висок просечен пораст на просечната нето плата беше регистриран во дејноста услуги (8,1%) и во индустријата (3,4%), додека во земјоделството просечната нето плата беше пониска (за 2,0%).

Во јуни 2003 година, од вкупниот број на вработени во Република Македонија, 25,6% не примиле плата за соодветниот месец, што е за 0,5 процентни поени повеќе од процентот на неисплатени вработени во претходниот месец.

Графикон 5
Просечна нето плата
(промена во %, месец / претходен месец)




***Вкупните буџетски приходи во јули 2003 година беа повисоки за 11,6% на месечна основа...***

Вкупните буџетски приходи во јули 2003 година изнесуваа 5.779 милиони денари и во однос на претходниот месец беа повисоки за 11,6%. Месечниот пораст се должи на зголемените изворни приходи за 20,0%, чие структурно учество во јули се зголеми за 6,3 процентни поени и достигна 90,1%. Во рамки на изворните приходи, неданочните приходи остварија висок месечен пораст, кој произлегува од зголемениот претприемачки приход (за 13 пати), при што треба да се има предвид ниската споредбена основа од претходниот месец. Даночните приходи, кои претставуваат најзначајна приходна категорија, во јули 2003 година изнесуваа 4.638 милиони денари и во однос на претходниот месец беа повисоки за 11,9%. Притоа, кај сите даночни категории е регистрирано месечно зголемување, при највисок месечен пораст на приходите од данокот на добивка (од 37,7%) и приходите од данокот на додадена вредност (од 17,5%). Зголемените приходи врз основа на ДДВ делумно се должат на можноста за квартална уплата на овој данок од страна на малите претпријатија.

[1] Последен расположлив податок од Државниот завод за статистика.

Графикон 6
Вкупни приходи на централниот буџет
(во милиони денари)




*...додека кумулативно беа пониски за 6,7%*

Во периодот јануари-јули 2003 година вкупните буџетски приходи изнесуваа 37.035 милиони денари, што во споредба со истиот период од претходната година претставува намалување од 6,7%. Кумулативниот пад е последица на намалените изворни приходи и намалените приходи од финансирање (понизок износ на примени донации), додека капиталните приходи остварија кумулативен пораст (поради зголемена продажба на капитални средства). Падот на изворните приходи се должи на намалените даночни приходи за 6,2%, кој произлегува од различната споредбена основа од 2002 година, кога се наплатуваше данокот на финансиски трансакции.

Графикон 7
Вкупни приходи и расходи на централниот буџет
(во милиони денари)




*Вкупните расходи на буџетот во јули 2003 година беа пониски за 1,0% на месечна основа...*

Во јули 2003 година вкупните расходи на централната државна власт изнесуваа 5.200 милиони денари и во однос на претходниот месец беа пониски за 1,0%. Анализирано по главни расходни категории, пад е регистриран кај категоријата капитални расходи и нето-позајмување и категоријата резерви, кои во јули заедно учествуваат со 4,8% во вкупната расходна структура. Од друга страна, тековните трошоци, како најзастапена расходна категорија (84,4% од вкупните расходи), остварија месечен пораст од 4,1% и го зголемија своето структурно учество за 4,2 процентни поени. Структурно, месечен пораст е регистриран кај повеќе категории на тековни трошоци, при највисок пораст на трошоците за стоки и услуги од 32,3%, при што се зголеми и нивното структурно учество за 3,1 процентен поен.

Графикон 8
Вкупни расходи на централниот буџет
(во милиони денари)




***...и воедно пониски за 11,8% на кумулативна основа***

Кумулативно набљудувано, вкупните буџетски расходи во периодот јануари-јули 2003 година во однос на истиот период од предходната година беа пониски за 11,8% и изнесуваа 35.823 милиони денари. Кумулативниот пад се должи на намалувањето на тековните трошоци (преполовени трошоци за стоки и услуги) и капиталните трошоци и нето-позајмувањето (намалени инвестиции во основни средства и трошоци за Телеком проекти).